ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ „СОЛИДАРНОСТ-АЕРОДРОМ„ -СКОПЈЕ

Предлагач: Извршен одбор

# И З В Е Ш Т А Ј

за работата на органите и телата на Здружението на
пензионерите „Солидарност-Аеродром„- Скопје
за 2024 година

Февруари, 2025 година

Скопје

Врз основа на член 14 став 1 t.2 од Статутот на Здружението Собранието на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје на својата 5-та седница одржана на ден 11.03.2025 година го усвои текстот на годишниот **Извештај за работа на органите и телата на Здружението на пензионерите ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје**

**Извештај за работа на органите и телата на Здружението на пензионерите -,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје за 2024 година**

Здружението на пензионери ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје (понатаму во текстот (Здружение) е непартиска и непрофитна организација, со околу 16.150 свои членови. Како правен субјект Здружението дејствува на целото подрачје на општина Аеродром. Здружението е во состав на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија (СЗПМ) со 53 здруженија во Републиката и со 14 здруженија во Град Скопје (СЗПГС). Најголемиот дел од своите приходи од околу (99%) ги остварува од членарината на своите членови и од други извори околу (1%). На подрачјето на Општината е организирано во 5(пет) ограноци (Аеродром, Јане Сандански, Вардар, Ново Лисиче и Лисиче) и 7 (седум) клуба.

**А) АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Собранието** на здружението во 2024 година одржа две седници и тоа 3-та и 4-та седница.На 3-тата седница која се одржа на ден 12.03.2024 година ги разгледа и усвои следните материјали и документи:

-.Извештајот за работата на органите и телата на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје, за 2023 година.

-Прегледот на планирани и остварени средства за период од 01.01-31.12.2023 година.

-.Извештајот на Надзорниот одбор по Завршната сметка за 2023 година.

- Одлука за усвојување на Завршната сметка за 2023година

-Одлука за збратимување со ЗП ,,Штип,,-Штип и ЗП ,,Врање,, -Врање

-Усна информација за прославата за одбележување на 15-години од основањето на здружението на 16.04.2024 година.

-Информација за организирање на Регионалната ревија на музика песни и игри од 4-тиот регион.

На 4-тата седница која се одржа на 24.12.2024 година Собранието :

-Го усвои Записникот од 3-тата седница на Собранието одржана на ден 12.03.2024 година.

- Се усвои Програма за работа на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје, за 2025 година.

-Се усвои Финансискиот план на планирани приходи и расходи за 2025 година, заедно со Одлуката за усвојување на Финансискиот план на приходи и расходи, за 2025 година.

-Се усвои Извештајот од Надзорниот одбор по Програмата и Финансискиот план за 2025 година.

**Извршниот одбор** во 2024 година одржа 8 седници,ги разгледа и усвои следните материјали и документи и тоа :

- На 11-тата седница одржана на 23.01.2024 година го усвои Записникот од 10-та седница на ИО одржана на 21.11.2023година и се усвои

-Одлука за збратимување помеѓу ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје и ЗП ,,Штип,,од Штип.

-Одлука за збратимување помеѓу ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје и ЗП ,,Врање,,од Врање.

-Одлука за формирање на Координативно тело по два члена од секое Здружение за изготвување на Програма за работа за 2024 година со збратимените здруженија.

- Извештај од Централна пописна комисија за извршениот попис со состојба 31.12.2023година. со предлог-Одлука за усвојување на истиот.

- Одлука за формирање на Комисија за расход.

- Информација и донесување на Одлука за започнување на постапка за изведување на градежно занатски работи на деловниот простор во Огранок ,,Лисиче,,.

-Одлука за одобрување на зголемување на цената за закуп на деловен простор во клубот ,,Горно Лисиче, на огранокот ,,Лисиче,, од 5.300,00 на 6.300,00 денари, по барање на Илка Тошевска број 03-02/455 од 16.11.2023год.

-Одлука по Барање од огранокот ,,Лисиче,, за набавка на 20 столици и еден електричен бокал.

-Одлука за одобрување на парична помош на Душанка Кентровска од огранок ,,Аеродром,, поради нарушено здравје.

-Запознавање со текот на постапката околу отварање на нов клуб во стариот објект на Огранокот ,,Вардар,,.

-Запознавање на Извршниот одбор со зголемениот износ за погребни трошоци од 30.000,00 на 35.000,00 денари со почеток од 01.01.2024 година.

-Известување за одбележување на 14 Април -15 години од формирањето на здружението.,

-Известување за донесената одлука од седница на Собранието на СЗПМ одржана на 25.11.2023 година.

На 12-тата седница одржана на 16.02.2024 година, Извршниот Одбор го усвои Записникот од 11-тата седница на ИО одржана на 23.01.2024 година како и

- Извештајот за работа на органите и телата на ЗП „Солидарност-Аеродром„- Скопје за 2023година.

-Прегледот на планирани и остварени средства за период од 01.01-31.12.2023година.

- Извештајот на Надзорниот одбор по Завршната сметка за 2023година,

-Одлука за утврдување на Завршната сметка за 2023 година.

-Записникот од Комисијата за набавки и услуги во здружението од пристигнатите понуди за реновирање на просторот во огранокот „Лисиче„ со предлог -Одлука за одобрување на финансиски средства за реновирање на просторот во огранокот „Лисиче„ во износ од 525.520,00 денари за изведување на градежно занатски работи од страна на фирмата „Валдис , со потпишување на Договор.

-Одлука за доделување на еднократна парична помош на Стојна Шилковска поради нарушена здравствена состојба.

- Разгледување на поканата од збратимените здружение ЗП „Штип„со предлог

-Одлука за покривање на трошоците за учество на еколошката акција Штип 2024 година , садење на садници дрво која ја организира ЗП „Штип„ на ден 13.02.2024 година, во клубот на огранокот „Три Чешми„-Штип. На манифестацијата присуствуваа 8 лица од нашето здружение со обезбедување на превоз со комбе.

- Известување за досегашните активности за прославата на денот на здружението од страна на претседателот на Комисијата за културно забавен живот Виолета Кусева

На 13-тата седница на Извршниот одбор одржана на 22.03.2024 година се усвои Записникот од 12-тата седница на ИО одржана на 16.02.2024 година,и се донесе;

- Одлука за давање на еднократна парична помош на членови на Здружениетона пензионерите „ Солидарност-Аеродром„-Скопје за 2024 година.

-Одлука за организирање на еднодневни излети и утврдување на број на автобуси што ќе се користат во 2024 година и за тоа потребен износ на вкупните финансиски средства

- Одлука за определување на превозник на еднодневните излети во 2024 година со прифаќање на релации ;

-Одлука за определување на надоместоци на избраните лица и други ангажирани лица за извршување на работи во здружението и други надоместоци;

-Одлука за доделување на плакети,благодарници и признанија по повод Јубилејната прослава 15-години од основањето на здржението ;

-Одлука за покривање на трошоците на наши пензионерки за учество на манифестација „Блакцето на баба„ на 14.03.2024 година во Ресторан „ Росоман„ во организација на ЗП „Велес„ ;

-.Информирање до каде се завршени работите за Јубилејната прослава на ЗП „Солидарност-Аеродром„-Скопје која ке се одржи на 16.04.2024 година во Ресторанот „Градина„ како и

- Информирање за Регионалната Ревија на музика песни и игри која ке се одржи на 21.05.2024 година ;

- Барање од Мендо Димовски за финансиска помош за издавање на книгата „На врвот од умот „27 пеења за Македонија і

-Барање од „Кроација осигурување„ и „Осигурителна полиса „ за лично и колективно осигурување и осигурување на имот.

**-На 14-тата седница на ИО одржана на 30.04.2024 година** се усвои Записникот од 13-тата седница на ИО одржана на 22.03.2024 година і se donese:

-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување на надоместоци на избраните лица и други ангажирани лица за извршување на работи во здружението и други надоместоци.не се усвои на оваа седница, а се донесе

-Одлука за учество на Регионалните спортски игри-натпревари во 2024 година со План за подготовки ;

-Се усвои Извештајот за реализирани активности во врска со одбележувањето на Јубилејот 15-години од основањето на здружението одржано на 16.04.2024 година, со финансиски податоци за трошоците ;

-Одлука за доделување на еднократна парична помош поради тешко нарушување на здравствената состојба на еден пензионер од огранокот „Лисиче„ а барањата на двајца пензионери од огранокот „Аеродром„беа одбиени поради неисполнување на условите ;

-Одлука за доделување на парична помош на Љиљана Стоилковска за печатење на стихозбирката „Разговор со љубовта„ ;

-Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на 22-рата Регионална ревија на музика,песни и игри ;

-Одлука за одобрување на финансиски средства за печатење на книга од Драгослав Аргировски ;

-Информација за покана од ЗП „Виница„ за манифестацијата „Томина недела„ и се донесе Одлука за присуство на наша делегација на 22-рата Регионална ревија на музика , песни и игри од 8-ми регион во с.Лабуништа - Струга.

-На 15-тата седница на ИО одржана на 02.07.2024 година се донесе:

-План за работа и користење на годишен одмор во лето 2024 година во Здружението на пензионерите "Солидарност-Аеродром"-Скопје.

-Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување на надоместоци на функционерите на Собранието, Извршниот одбор и други ангажирани лица за извршување на работи во Здружението и други надоместоци бр.02-02/149 од 28.09.2021година. (Одлуката се постави на усвојување по втор пат согласно со барањето на СЗПМ за давање одговор на давање на примета на одлуката за материјално-финансиско работење,односно определување на надоместоци на избраните лица и лица по договор на Собрание, Извршен одбор и други ангажирани за извршување на работи во здруженијата на пензионерите и СЗПМ бр.02-01/538-5 донесена на Собранието на СЗПМ). На седницата се разгледа :

-Извештајот на Комисијата за културно - забавен живот на ИО за спроведени активности со финансиски податоци во врска со одржувањто на 22-та Ревија на песни,музика и игри од четвртиот регион на ден 21.05.2024 година, чии домаќин беше Здружението на пензиоинерите "Солидарност-Аеродром" - Скопје и 14-та Републичка ревија на песни, музика и игри одржана на 08.06.2024 година ;

-Извештајот на Комисијата за спорт и рекреација на ИО за спроведените активности со финансиски податоци во врска со одржувањето на 28-мите Регионалните спортски игри-натпревари ;Се донесе :

-Одлука за правење слика на члeновите на Извршниот одбор во мандатниот период 2023-2027 година ;

-Одлука за партиципација на финансиски средства и покривање на трошоците на монографијата-книга "Пензионерите творат 2024 година";

- Одлука за одобрување на финансиски средства за партиципација за издавање на литературно дело од Јован Мазгански - лична творба "Мојот светоглед"-поезија ;

- Одлука за одобрување финансиски средства за партиципација за издавање на литературно дело лична творба -книга "Се викам љубов" по барање од Благојка Филипчева

- Запознавање со дописот од Вера и Васил Павлоски за отстапување на правата за свечена песна-химна на Здружението и донесување одлука за прифаќање и изразување на авторите ;

- Барање од Мишев Војче-домаќин во клубот Ново Лисиче за ослободување од работа-неплатено отсуство во време од 01.07.2024 до 30.10.2024 година ;

-Барање од Славе Зафировски за набавка на шаховски табли и

-Информација од Виолета Кусева за барањето на Јован Мазгански за самостојно користење на доделен автобус на Секцијата на љубители на книгата.

На 16-тата седница на ИО одржана на 24.09.2024 година се усвои Записникот од 14-тата седница на ИО одржана на 30.04.2024 година и 15-тата седница на ИО одржана на 02.07.2024година и се разгледаа следните информации :

-Информација со испразнувањето и пополнувањето на работното место „извршување на работите, припрема и изготвување на Финансиска документација и работите на домаќин-ракувач во стручната служба на ЗП „Солидарност-Аеродром„-Скопје и потпишување на Договор за дело.

- Одлука за набавка на огревно дрво за потребите на клубот „Долно Лисиче„ во огранокот „Лисиче„за грејната сезона 2024/2025 година.

-.Информирање и прифаќање на извештаите за извршена посета на наши делегации со покривање на трошоците во периодот август-септември и тоа:

а) ЗП ,,Врање,, на 19.08.2024 година на прослава на денот на здружението.

б) ЗП ,,Охрид и Дебрца ,, од Охрид на 31.08.2024 година по повод одржување на традиционална пензионерска средба ,,Дебрца 2024 година,

в) 28-ми те Републички спортски натпревари 2024 година на 10.09.2024 година.

- Одлука за учество на прослава по повод Денот на пензионерите,, на ден 20.09.2024 година по покана од збратименото здружение ,,Кисела Вода,, од Скопје

-Учество на заедничка активност со локалната самоуправа-општина Аеродром на тема ,,Споделен јавен простор ,, на ден 20.09.2024 година.

- Реализирање на активност според донесената Програма за заеднички активности со збратименото ЗП ,, Охрид и Дебрца ,, -Охрид за 2024 година- посета на Крушево и заедничко дружење со разгледување на културно –историски споменици.

-Одлука за парична помош заради направени трошоци за лекување од Афета Реџеп и Бранислав Поповски од огранокот ,,Аеродром,,, Цецилија Коруновиќ и Петре Поповски од огранокот ,, Ј.Сандански,, і

-Известување од страна на Гордана Кајевска член на Комисијата за здравство и социјална политика на СЗПМ од одржаната седница на 12.09.2024 година.

На 17-тата седница на ИО одржана на 22.10.2024 година се усвои Записникот од 16-тата седница на ИО одржана на 24.09.2024година и се донесе

-Одлука за доделување на еднократна парична помош на пензионери со ниски пензиски примања за 2024 година.

- Се разгледаа костатациите и заклучоците од ИО на СЗПМ во врска со значајни прашања за актуелните состојби во пензиското организирање со донесување наши заклучоци и предлог мерки.

- Се разгледа Информацијата за реализираните еднодневни екскурзии во перод од 01.01 до 31. 10.2024 , со пресек на потрошени финансиски средства.

- Се разгледа -.Информацијата за состојбата на градежните работи во клубот ,,Населба Лисиче,, и превземање мерки за нивно конечно завршување со Извештај на Комисијата за набавки и услуги..

- Се разгледа Записникот од извршен увид на полициски службеници во клубот во населба ,,Лисиче,,во врска со намера за присилно отварање на клубот.

- Информација во врска со Покана од ЗП ,,Лозово,, за заедничко одбележување на празникот ,,Петковден,, на 27.10.2024 година.

-Одлука за доделување на еднократна парична помош на пензионери со тешко нарушена здравствена состојба на Јован Дамјановски од огранокот Ј.Сандански, Мирче Митровски,Трпана Милошеска и Ѓорги Сопотски од огранокот ,,Аеродром, Цветанка Цветановска од огранокот ,,Вардар,, и Јулка Малиновска од огранокот ,,Лисиче,,.

-Информација во врска со Покана од ЗП ,,Центар,, за одбележување на 13-ти Ноември 2024 година под мотото ,,Симит и погача во срцето на Скопје,,.во Дебар Маало.

На својата 18-та седница која се одржа на 29.11.2024 година се усвои Записникот од 17-тата седница на ИО одржана на 22.10.2024година и се утврди текстот на - Програмата за работа на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,, Скопје за 2025 година и

-Финансискиот План на приходи и расходи за 2025 година на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје со Одлука и Извештај од Надзорниот одбор.Се усвоија следните документи :

-Одлуката за вршење на попис на имотот на ЗП ,,Солидарност-Аеродром,, за 2024 година и формирање на пописни комисии и комисија за постапка со предложените средства за расход ;

-Одлуката за надомест за карта за автобуски превоз на избрани лица и лица по Договор за дело не се усвои ;

- Одлука за одобрување на финансиски средства за потребите на ограноците ;

- Одлука за касов максимум за 2025 година ;

- Одлука за набавка на рекламен материјал за 2025 годiна ;

-Одлука за покривање на трошоци за Шаховски турнир по повод 13-ти ноември

-Одлука за доделување на парична помош поради влошена здравствена состојба

-Одлука за пренамена на фин.средства за еднодневна екскурзија да се пренаменат за организирана заедничка средба по барање од Комисијата за КЗЖ;

-Одлука за набавка на 10 влезници за хуманитарен концерт на КУД Вања Лазарова и

-Информација за организирање на зедничка прослава пред Нова Година.

На седниците на Извршниот одбор покрај неговите членови редовно се покануваше и присуствуваше претседателот на Собранието на Здружението кој даваше предлози и мислења по одредени точкки од Дневниот ред.

**Надзорниот одбор во 2024 година** одржа две седници на 13.02.2024 година, на кои членовите ја разгледаа Завршната сметка на планирани и остварени средства за период 01.01.-31.12.2023 година, за што се достави записник.На својата втора седница одржана на 26.11.2024година се разгледа Програмата за работа за 2025 година и Предлог-Финансискиот план на планирани приходи и расходи за 2025 година со -предлог-Одлуката за усвојување на Финансискиот план на приходи и расходи за 2025 година.

Претседателот на Надзорниот одбор во 2024 година присуствуваше на 12-тата седница на Извршниот одбор која се оджа на 23.01.2024 година , на 3-тата седница на Собрание која се одржа на 12.03.2024 како и на четвртата седница на Собранието која се одржа на 27.12.2024 година и даде свои наоди за активностите на Здружението, Завршната сметка и финансиското работење во Здружението за 2023, како и за Планот за работа и Финансискиот План за 2025 година

Ограноците на Здружението во извештајниот период, според членот 44 став 6 од Статутот на Здружението продолжија со донесување на свои годишни програми за работа, усогласени со Годишната програма на Здружението.

Ограноците уредно ги извршуваа своите задачи и секогаш беа во консултација со Раководството и Стручната служба на Здружението.

Истото, може да се констатира и за домаќините во седумтте клубови кои редовно беа отворени и работеа по 4 часа дневно. Во граноите се обавуваа и други активности, особено околу редовното информирање на членството за сите активности на органите и телата на Здружението, потоа околу одржување на хигиената и друго, се со цел овозможување секојдневно дружење, забава и рекреирање на пензионерите, како и одржување на истите во исправна состојба. На одржаните состаноци на одборите, беа разгледувани значајни материјали по одлуките кои се донесуваа на седниците на Извршниот одбор на Здружението, посебно на оние кои ги усвојуваше Собранието на Здружението. Се остваруваа разни контакти со членството, но претежно за нивно редовно информирање.

Во месец ноември и декември во сите клубови од страна на претставници на МВР одржано беше предавање за безбедноста на пензионерите по однапред направен план .

Според Годишната програма за работа на Здружението во клубовите беа организирани активностите со своите членови во подготовка за настапи на ревии на песни музика и игри, регионални и републички спортски натпревари.

На крајот на годината, согласно донесената одлука на Извршниот одбор во секој од ограноците беше направен попис на средствата и инвентарот и пописните листи беа доставени на Стручната служба, односно на Централната пописна комисија.

**Стручната служба на Здружението** редовно работеше секој работен ден, извршувајќи ги своите задачи предвидени со Статутот и донесените нормативни акти на органите на Здружението. Комуникацијата на Стручната служба со граѓаните-пензионери и ограноците беше секогаш присутна и навремена.

Комисиите како помошни тела на Извршниот одбор ги извршуваа свиоите задачи. Во Извештајот се посочени некои позначајни активности и тоа:

**1**.**Комисијата за здравство и социјална помош** во текот на 2024 година ја спроведе постапката за дододелување на еднократна парична помош на 101член-пензионери по 3.000,00 денари или вкупно во бруто износ 336.633,00 денари,и доделена е неповратна парична помош на 15 лица со тешко нарушено здравје и потреби од скапи лекови по 5.000,00 денари, вкупно бруто 83.325,00 денари, или се вкупно доделена е парична помош во бруто износ 419.958,00 денари, за што предложи на Извршниот одбор донесување на соодветна одлука.

Во соработка со Црвениот крст беше организирано бесплатно мерење на крвен притисок и шекер во крвта во месец мај и ноември на вкупно 188 пензионери во сите ограноци на здружението, според посебен план.Оствари и други активности како посета на болни и друго.

**2**.Активностите на **Комисијата за културно забавен живот** во текот 2024 година беа усмерени кон подготовките за настапот на 22-рата Регионална ревија на музика, песни и игри а нашето здружение како домаќин за 4-тиот регион во организација и според доставените насоки на СЗПМ и тоа :

Пеачката група, музичката и фолклорната група заедно настапија на Регионалната ревија на музика ,песни и игри од 4-тиот регион која се одржа на ден 21.05.2024 во салата на КУД ,,Владо Тасевски,, во Скопје. Во натпревар беа 5 здруженија и тоа ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,-Скопје, ЗП ,,Центар,, ЗП ,,Чаир, ЗП ,,Куманово,, и ЗП ,,Крива Паланка,,Претставниците на ревијата од нашето здружение успешно се претставија и за тоа се квалификуваа за настап на Републичката ревија на музика , песни и игри која се одржа на ден

08.06.2024 година во Домот на АРМ во Скопје.Пеачката група учествуваше со свои две песни изведби на прославата на КУД Владо Тасевски-Скопје.

За настапот на пеачката и фолклорната група на Регионалната и Републичката ревија на музика песни и игри беа потрошени 265.194,00 денари.

Комисијата за културно забавен живот активно се вклучи зедно со стручната служба на ЗП ,,Солидарност-Аеродром-Скопје во подготвување и реализирање на одбележување на Јубилејот 15 години од основањето на здружението.

Јубилејната прослава се одржа на ден 16.04.2024 година во ресторанот ,,Градина,, во Скопје.На одбележувањето на јубилејот присуствуваа 170 наши членови и гости, а трошоците за прославата во износ од 178.450 илјади денари ги покри здружението.

Комисијата за културно забавен живот активно се вклучи и учествуваше во исполнување на задачите на секцијата на Активот на пензионерки,Клубот на љубители на книгата, Историската секција како Секцијата во здраво тело здрав дух. Активно се вклучуваше и во исполнување на Планот за еднодневни излети во земјата и странство со автобусите на ,,Бисер-пром,, кој е ексклузивен превозник на нашето здружение .

**3.Комисијата за Спорт и рекреација, според својот план-програма на активности** ги превзеде потребните активности за учество на:

На Регионалните спортски натпревари кои се организираа на ден 15.06.2024 година, за кои домаќин беше ЗП ,,Илинден,,.Нашето здружение учествуваше во 10 (десет) дисциплини и на истите освоивме едно прво место во фрлање ѓуле жени, 3 втори места и 5 пет трети места. На натпреварите учествуваа 39 спортисти.Вкупните трошоци за набавка на реквизити , превоз и храна изнесуваат –односно се потрошени 75.000 денари.

Нашето здружение учествуваше на традиционалниот шаховски турнир во организација на Сојузот на пензионерите на град Скопје по повод 13 Ноември-ослободување на град Скопје, кој се организираше во Домот на АРМ на 12-ти ноември 2024 година. На натпреварите учествуваа 12 здруженија на пензионери од градот Скопје. На турнирот нашето Здружение освои 2-ро место за мажи и 1-во место за жени.

Здружението во текот на 2024 година на планот на рекреацијата на своето членство, своите комисии и секциите организира еднодневни излети преку своите ограноци, комисии и секции, со 22 автобуси, според утврдените релации и во рамките на планираните средства во Финансискиот план за **2024** година, во вкупен износ од 473.040 илјади денари.

**4**.Комисијата за набавки и услуги во текот на извештајната година навремено и во рамките на нормативите ги реализираше сите потребни активности.

Во извештајниот период видни се резултатите од активностите на Активите на здружението со кое нашшето здружение се разликува од многу други здруженија и тоа:

**1. Активот на пензионерки** според својот план –програма работно и успешно ја заврши 2024 годината,при што се одбележаа и се одржаа традиционални активности тоа:

,,Плачело дете за кора на 16.03.2024 годіna, ,,Најубаво украсено јајце,, на 07.05.2024 година, ,,Вера,Љубов а и Нада и мајка им Софија,, на 30.09.2024 година;

-Во соработката со Црвен Крст на град Скопје особено со Дневниот Центар на Црвен Крст, каде што нашите пензионерки беа поканети на предавање од областа на здравството на тема ,,Паркинсонова болест-причинители, клиничка слика и терапија,, од др.Драган Илиевски на ден 20.02.2024 год. Потоа Црвен Крст организираше посета на Средно Водно на ден 24.09.2024 година..

-Од страна на претставници на МВР одржано е предавање за безбедноста на пензионерите по сите клубови по однапред направен план .

Активот на пензионерки организираше еднодневни екскурзии во околината на Скопје и тоа: Манастирот ,,Свети Трифун,, на денот на овој христијански празник на 14.02.2024 година, манастирот ,,Св Никита,, на ден 13.09.2024, и манастирот ,,Свети Трифун,, на ден 08.10.2024 година. По повод светскиот ден на пешачењето 15.10.2024 година активно се пешачеше по кејот на Вардар.

-Се посетија следните музеи- Музеојот на град Скопје на 09.02.2024 година, Музејот на Македонската борба на ден 09.04.2024 и Музејот во просториите на Нова Железничка станица на ден 19.11.2024 година ;

-Оваа година се одржаа сите состаноци во првиот вторник во месецот на кои беа поканети гости предавачи и предавачи од редот на пензионерките и тоа :

,, Науката и религијата,, од Јосиф Џолевски, ,,Која е смислата на животот-Невена Пргова,

,,Алцхајмерова болест,, и ,,Храната како чудесен лек,, со доктор Драган Илиевски Активот на пензионерки активно соработуваше со историската секција и пензионерките се дел од учесниците по повод различни чествувања.

На ден 20.02.2024 година учествуваше на положување на цвеке пред бистата на Кузман Јосифовски Питу , додека пак во вечерните часови во кинотеката на Македонија присуствуваа на целовечерна програма по тој повод.

На ден 22.08.2024 година присуствуваа на одбележување на годишнина од формирање на Првиот Партизански Одред .

Со користење на автобус доделен на Активот на пензионерки и Историската секција се реализира патување во Крива Паланка, манастир ,,Св Јоаким Осоговски,, посета на музеј и положување на цвеке на паднати борци во Крива Паланка.

На одбележување на јубилејот 15-години од формирањето на ЗП ,,Солидарност-Аеродроим,,-Скопје на Активот на пензионерки му беше доделено признание за успешното работење, што претстатвува огромен поттик за понатамошно уште поактивно работење.

Останаа неколки нереализирани активности на Активот на пензионерки според Планот за работа за 2024 година кои ке бидат опфатени во програмата за работа за 2025 година.

**2.Клубот љубители на книгата**, во 2024 година планираните активности ги реализираше успешно и тоа :

Повеќе литературни клубови организираа средби и читање на литературни творби, повеќе членови на Клубот беа на некои од нив, но во сопствена режија.

Во текот на годината се издаде петтата по ред збирка на литературни трудови од пензионери творци ,, Пензионерите творат 2024 ,,.Активностите за реализација на Збирката - прибирањето, уредувањето, лекторирање, корица и сл. се реализираа целосно на волонтерска основа од редакцискиот одбор составен од Јован Мазгански, Благојка Филипчева и Проф. д-р Васил Тоциновски.Збирката останува како траен документ за творештвото на пензионери во 2024 година, но претставува збогатување на македонската литературна реч и сведок за користењето на Македонскиот литературен јазик.Огласот за прибирање на литературни творби од пензионери побуди вонреден интерес.

Инаку, во публикацијата учествуваа 64 автор, од кои шест учесника. Ученичките творби беа печатени во посебниот дел од публикацијата ,,Ученичко катче,,

Во прилог на ,,Пензионерите творат 2024,, е сместен пригоден краток текст за 16-годишното работење на Клубот на љубители на книгата.

Финансиските средства за ЦИП и печатењето на публикацијата ги обезбеди Извршниот одбор при ЗП ,,Солидарност-Аеродром,,- Скопје.

Покрај промоцијата на Збирката ,,Пензионерите творат 2023,, во текот на година се преставени и следните литературни творци:

Розита Христовска, Мишо Китаноски,Тања Стоилковска,,Драги Аргировски, Милена Јовановска, Мендо Димовски и Наталија Наумовска

Карактеристично за средбите на љубителите на книгата во 2024 година е тоа што беа масовно посетени, претставувањата интересни, а дел од нив пропратени и со музички точки.

Литературните творци - гости од други општини редовно ги збогатуваа настаните на Клубот на љубители на книгата. Гостите и посетителите од други општини често искажуваат пофалби, лично или по социјалните мрежи, што е знак за големата популарност на Клубот, кој сеуште е единствен таков во Македонија.

Во извештајната година, Клубот на љубители на книгата организираше еднодневна екскурзија на 18 октомври 2024 година.Екскурзијата беше планирана со културни и литературни содржини во градовите Пехчево и Берово. За настанот во Берово целосно се ангажира претседателот на ЗП Берово Гоце Здравковски. Посебно за одбележување е ангажирањето на градоначалникот на Општина Берово Звонко Пекевски, заедно со претседателот на Советот на општината Марија Буровска.

Во знак на благодарност на организаторите на настанот во Пехчево и Берово, како и на градоначалникот и претседателот на Советот се доделени официјални благодарници од Клубот и нашето здружение.

**3.Историската секција, своите активности ги реализира преку редовни состноци во клубот во огранокот** ,,Ново Лисиче,, со задача зачувување на придобивките од Народната ослободителна војна на

Македонија и програма за одбележување значајни датуми од Македонската историја. Секцијата организараше предавања секој трет вторник во месецот, на кои средби присуствуваа еминентни предавачи согласно актуелните теми за месецот.Претставници од секцијата учествуваа со полагање цвеке на споменикот на Кузман Ј.Питу, а за празникот 8-ми март на споменикот на паднатите жени -борци во „Жена Парк„ во општина Центар.Вера Бунтеска презентира материјал на тема „Борбата на македонската жена херој во НОБ. Во месец Мај општина Аеродром секоја година го слави нашиот револуционер Јане Сандански и на таа тема Драгица Живкова презентираше материјал на таа тема пред членвите на секцијата. На покана на Сојузот на борците општинска организација „Карпош„ членови од секцијата положија цвеке и учествуваа на одбележување на 83 годишнина од формирањето на Првиот Скопски партизански одред и откривање на нов споменик. Темата „Македонија низ Вековите „ ја презентираше Руса Трајковска.Новиот член на секцијата- историчарот Горги Малковски во месец октомври ја презентираше темата „11-ти октомври-симболот на Македонскиот непокор„ а во месец Ноември темата „80 години од ослободување на Македонија„Членовите на секцијата согласно Програмата имаа едно заедничко патување со Активот на пензионерки во Крива Паланка со посета на музејот на градот, посета на манастирот Св.Ј.Осоговски и Гиновци .

Активностите на секциите конкретно и подетално се содржани во годишните извештаи за работата на истите. За одреден дел од активностите беа објавувани соодветни текстови во весникот „Пензионер плус„.

**4.Секцијата „Во здраво тело здрав дух„** редовно секој прв петок во месецот организираше редовни средби, на кои се обработуваа теми интересни за пензионерите, како што е темата „Стресот -ризик за појава на многу болести„ и „Како да се однесуваме со почит кон секој„ со предавачот- педагог Невена Пргова.

На средбата одржана во месец јуни Љубица Блажевска читаше текст на тема „Десет совети за долговечност„ во месец јули Анка Глаткова читаше текст на тема „Како да ја заштитиме кожата на едноставен начин, Стојна Костовска читаше на тема „Што треба да направиме да го спречиме стареењето„.Во месец октомври Лепка Стојковска читаше текст на тема „Целта на излагањето во здраво тело,здрав дух„

Во месец Ноември Јосиф Ѓолевски читаше текст на тема „Постанокот на животот„

Секцијата во здраво тело здрав дух во 2024 година организираше неколку еднодневни екскурзии со посета на манастирот „Св.Атанасиј„ во с.Глуво, манастирот „Св.Богородица„ во село Мирковци и манастирот „Св.Архангел Михаил„ во с.Зелениково

Од горе наведеното може **да се заклучи** дека сите органи и тела на Здружението работеа според своите програми за работа и истите скоро во целот ги успешно ги релизираа планираните активности во своите годишни програми.

## Б. СОРАБОТКА СО СОЈУЗИ, ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ДРУГИ ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ

Меѓусебната соработка на Здружението со Сојузот на здруженијата на пензионери на Републиката и на градот Скопје беше постојана на задоволително и потрбно ниво. Таа се реализираше редовно и тековно преку претставниците на Здружението во Собранието и комисиите на СЗПМ, во органите и телата на Сојузот на здруженија на пензионерите на град Скопје, со нивно присуство и учество во донесување на одлуките и меѓусебното информирање за нивната реализација.

Во соработката со СЗПМ, нашето здружение активно учествуваше на манифестациите организирани од Сојузот како што беше 22-рата Регионална ревија на песни, музика и игри на која ние бевме домакин и на Регионалните спортски игри и натпревари во Првата група со осум ЗП од градот Скопје, за кои домакин беше ЗП „Илинден„.

Во Извештајот треба да се истакне соработката со раководството на СЗПМ беше константно присутно, кое беше особено изразено преку одржаните состаноци организирани од претседателката на Сојузот на кои присуствуваше претседателот на нашето здружение. На состаноците бевме информирани за актуелните состојби во пензионерското здружување во Ррепубликата, со можност за предлагање на идеи, мислења и учество во донесување на заеднички заклучоци, како и реализација на заедничките активности на ЗП.

Претседателот и секретарот на СЗПМ го посетија огранокот Ј.Сандански на 22.12.2024 година на одбележување денот на отварање на клубот.

На покана од СЗПМ на 08.11.2024 година СЗПМ се одржа работен состанок со присуство на претседателот на Собранието, на претседателот на ИО и претседателите на ограноците. Исто така , редовно

и навремено Здружението одговара на барање на податоци и други информации за нашето здружение, доставувани од страна на Сојузот во текот на годината.

Согласно Меморандумот за соработка на Здружението со Локалната самоуправа - општина Аеродром, кој беше склучен 2019 година во извештајнот период се превземени одредени активности во реализација на обврските на општината кои се однесуваат на подобрување на условите за живот на пензионерите, преку нивно вклучување во општетсвениот и културниот живот и тоа : Општината додели дополнителен простор од 18м2 кој го адаптиравме за потребите на клубот во населба Лисиче, за чија адаптација се потрошени 460.000 денари. На отварњето на дадениот простор од Општна Аеродром присуствуваше в.д Градоначалник Дејан Митевски со своите соработници.

Здружението на покана на Општина Аеродром на ден 20.09.2024 година се приклучи кон настанот ,,Европска недела на мобилност,, и темата ,,Споделен јавен простор,,.Со тоа, општина Аеродром се организираше во знакот на урбаната мобилност заедно со нашето здружение кога јавниот простор се претвори во едн вид училишна улица.Учениците од околните училишта се приклучија кон играта на отворено со тегнење јаже, игра на ластик, возење велосипед и тротинет, играње одбојка, шаховски натпревар и фрлање пикадо и друго.

Настанот заврши со порака за добро здравје и идржување здрава шивотна средина од страна на в.д градоначалникот на општината.

За одбележување на Божикните празници Општината Аеродром додели скромни продукти и се организира скромна прослава во Клубот во населба Лисиче, на која присуствување в.д.градоначалникот со своите соработници.

Претставник од Здружението, односно секретарот на Здружението е член на Општинскиот социјален совет, формиран од Општината Аеродром, кој учествува во работата на овај Совет и за донесените одлуки редовно го известува Извршниот одбор. Овој совет има за задача активно да се вклучи во идентификување на социјално ранливи групи во општината, мапирање на социјалните проблеми и расположиви социјални услуги, како и проценка на специфичните потреби за развој на идни социјални услуги во Општината, согласно нивниот капацитет и домен на работа.

Во овој Извештај треба да се истакне соработката со збратименото Здружение на пензионери ,,Охрид и Дебрца,, од Охрид .Се одржаа 6 (шест) заеднички средби од кои: -Прво нивна делгација присуствуваше на прославата за одбележување на 15 години од основањето на нашето здружение која се организира на 16-ти Април 2024 година,

-Втор пат нивна делегација беше присутна на 22-Рата Регионална ревија на музика песни и игри, каде нашето здружение беше домакин.

Делегација од нашето здружение присуствуваше на нивната Регионална ревија на музика, песни и игри која се организираше во с.Лабуниште,вториот пат присуствуваше на прослава на 74 години од фрмирањето на ЗП ,,Охрид и дебрца,,во с.Оровник, според зацртаната активност во Програмата.

Во втората половина на годината се реализира заедничка еднодневна екскурзија во Крушево, со присуство на членови на органите и телата и на двете здруженија, при што беа посетени историско-културните споменици на градот, спомен куќата на нашата легенда Тоше Проески исполнета со зедничко дружење кои кај сите оставија незаборавни впечатоци.

Со збратименото здружение Кисела Вода оствативме соработкакоја се состои воглавном во меѓусебно присуство на делегации на заначајни одбележувања и размена на искуства

Во рамките на потпишаниот меморарум со Здруженијата на пензионерите Гази Баба, Штип и Врање наша делагација присуствуваше на прослави во сите овие здруженија при одбележување на денот на формирањето како и на други манифестациорганизирани од збратимените здруженија.

Координативното тело составено од претседателите на ЗП ,,Г.Баба, Штип и ЗП ,,Врање,, и од нашето здружение се состана на заеднички состанок на тема ,, Изработка на заедничка Програма за активности за 2025 година,,. Исто така наши делегации присуствуваа на разни одбележувања по покани и на други ЗП, наша делегација беше на прославата на одбележување 14 години од формирањето на ЗП ,,Бутел,, и др.

## В. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО

Информирањето на членовите на Здружението беше секогаш навремено и по мошност целосно. Истотото се реализираше преку добивање на материјали за седници, во одборите на ограноците, делегатите во органите и објавување на огласните табли во клубовите. Информирањето пошироко се остваруваше и преку

и објавување на  страната  на СЗПМ , преку издавањето на весникот ,,Пензионер плус,,.кој беше достапен за сите пензионери во сите клубови на Здружението. Исто така, во кој се објавуваа сите активности, што се организираа во Здружението, преку напишани статии и објави по одредени прашања, кои се во интерес за пензионерите.

На крајот на Извештајот **може да се констатира** дека благодарение на севкупниот капацитет на ангажираните лица во Здружението, добрата организација и домаќинското работење на органите и телата, преку секогаш навременото, организирано и квалитетно дејствување и работа на Стручната служба, работата на ограноците, здружението констатно бележи солидни резултати.

Според сето понапред запишано во овој Извештај, се смета дека зацртаната Програма за работа за 2024 година е успешно реализирана.

Изготвувач,
Стручна служба на Здружението

Претседател на Собрание
Тодор Тодоровски